#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Приказна за разиграното пајаче | |
| **Возраст** | |
| 3-4 години | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Истрајност, љубопитност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 15 минути | 20 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да се охрабри во обидите да ги усоврши природните движења, фаќање и фрлање. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето сигурно ги изведува природните движења, фаќање и фрлање. | |
| **Насоки** | |

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**

Лепење на обрач (може и нешто слично, во зависнот од тоа што имате на располагање во домот - рамка од картон, од слика и слично) со широк селотејп во сите насоки. Во еден дел од обрачот се поставува апликацијата од пајакот. Обрачот се поставува на ѕид или на табла.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**

Родителот како пример зема едно топче и го фрла кон обрачот за да поигра со разиграното пајаче. Топката при допир се залепува на селотејпот. Потоа, го поттикнува детето да земе една од топките (жолта, црвена и сина). Се именуваат боите и се

| | |
|---|---|
| фрлаат во обрачот за да играат со пајачето, а постапката се повторува сè додека има интерес.<br><br>**<u>Активност/игра</u>**<br><br>Родителот измислува приказна за разиграното пајаче коешто шетало од агол до агол во собата плетејќи мрежа и ловејќи инсекти. Преку приказната го повикува детето, а може и други членови на семејството, на игра со пајачето и ги мотивира за активност. | |
| **Прилози** | **Материјали** |
| <u>Прилог бр. 1</u><br><br>Апликација со пајак којашто треба да се исече и да се залепи на обрачот. | • обрач<br>• широк селотејп<br>• топчиња во боја |
| **Активноста е подготвена од:** | |
| Едукатори: Данка Станкова, Марија Петрова, Александра Јосифова, Габриела Паунова-Коцева, Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајнери: Катерина Николовска, Димитар Тробаков<br><br>Лектура: Јана Михајловска - Иванов<br><br>Превод: Агим Лека | |







